Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

ДО
ИНТЕРНЕТ ХОТЛАЈН ПРОВАЈДЕР МАКЕДОНИЈА
Ул.Антон Попов бр.28
Општина Гази Баба
1000 Скопје

Архивски бр. 08/4-4324/
Дата: 06.08.2018
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

бул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

ПРЕДМЕТ:Известување

Почитувани,

На вториот од серијата „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации:Борба против корупција", од Ваша страна до Владата на Република Македонија доставена е иницијатива за Подобрување на системите за пријавување на злоупотреби во системите за јавни набавки преку надгледување на системите за кибернетичка обработка на податоците и анализа на тековните иницијативи за промена на законите поврзани со дејствија за корупција. Со иницијативата се предлага мониторинг на електронскиот сообраќај за време на аукциите при јавни набавки, мониторинг на работата на ИКТ персоналот во државните институции кои се одговорни за одржливост на системот за јавни набавки, тестирање на платформите пред нејзиното имплементирање, за контролата да се врши со цел оневозможување вмешување на неутрална страна во системот на контрола на информациите.

Во поглед на доставената иницијатива, Министерството за информатичко општество и администрација од аспект на својата надлежност утврдена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Ве известува за следното:

Согласно Законот за јавни набавки, Електронски систем за јавни набавки" е единствен компјутеризиран систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност и економичност во областа на јавните набавки, со кој преку својата веб страна управува и оперира Бирото за јавни набавки. Бирото за јавни набавки како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, има својство на правно лице.

Согласно Законот за заштита на укажувачи, Државната комисија за спречување на корупцијата е една од институциите со надлежност за обезбедување заштита за укажу вачи, во смисла на прием на пријави во случаи кога заштитата на укажувачите не е обезбедена од страна на институцијата во

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

која е извршено пријавувањето, односно е една од институциите до која укажувач може да изврши заштитено надворешно пријавување.

Врз основа на претходно изнесеното, сметаме дека Вашата иницијатива е релевантна, но Министерството за информатичко општество и администрација не е надлежна за реализација на истата. Имено, со системот за јавни набавки, преку сопствена веб страна управува и раководи друг орган на државната управа, а во поглед на мониторингот на електронскиот сообраќај најмеродавни за оправданоста на предметната иницијатива се органите кои се надлежни за следење на собраќајот.

Архивски бр. ________
Дата:
Република Македонија
Министерство за
информатичко општество
и администрација

бул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
м-р Јахи Јахија

подготвил
Петар Богучевски